**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ВТОР КВАРТАЛ, 2020 ГОДИНА

јули 2020 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, но поизразено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на корпоративни кредити, малку поизразено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2020 година: нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити и нето-зголемување на побарувачката за корпоративни кредити, поизразено во споредба со очекувањата на банките од претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: изразено нето-намалување на побарувачката за кредитите на домаќинствата, за разлика од малото нето-зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2020 година: нето-заострување на кредитните услови, наспроти очекувањата за мало нето-олеснување дадени во претходната анкета, додека кај кредитната побарувачка, големите банки очекуваат поизразено нето-зголемување, во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, наспроти нето-заострувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти главно непроменета побарувачка во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2020 година: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, малку поизразено во споредба со претходната

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

анкета и нето-зголемување на побарувачката за корпоративни кредити, слично на очекувањата во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: мало нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, наспроти изразеното нето-олеснување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредити на домаќинствата, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2020 година: нето-заострување на кредитните услови, наспроти очекувањата за нето-олеснување дадени во претходната анкета, додека кај побарувачката на кредитите на домаќинствата, средните банки очекуваат поизразено нето-зголемување, во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, наспроти непроменетост во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти нето-зголемување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2020 година: нето-олеснување на кредитните услови слично како и во претходната анкета и нето-зголемување на побарувачката за корпоративни кредити наспроти очекувањата за непроменетост во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, поумерено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, за разлика од нето-зголемувањето во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал од 2020 година: нето-заострување на кредитните услови, наспроти очекувањата за нето-олеснување дадени во претходната анкета, додека кај побарувачката за кредити на домаќинствата, малите банки очекуваат поумерено нето-зголемување, во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.